**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-256
23.01. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Извештајот од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, бр.10-536/2 од 21.01.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради несоодветно категоризирана програма и емитување во несоодветен временски период за категоријата програма, од страна на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 23.01.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), односно поради тоа што во периодот од 16 до 19 јануари 2014 година, на програмскиот сервис на ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје, премиерите и репризите од серијалот „Сила" несоодветно се категоризирани како програми од Прва категорија – наменета за целата публика, наместо како - програми од Трета категорија, означени со предупредувачкиот знак – 12 +, а репризите се емитуваат и во несоодветен временски период за категоријата програма.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, почеток и крај на период на емитување и опис на прекршување) во Извештајот од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Сител ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, бр.10-536/2 од 21.01.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат

операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, изврши контролен програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, на програмскиот сервис на ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје, премиерите и репризите од серијалот „Сила“ несоодветно се категоризирани како програми од Прва категорија – наменета за целата публика, наместо како - програми од Трета категорија, означени со предупредувачкиот знак – 12 +, а репризите се емитуваат и во несоодветен временски период за категоријата програма.

Повредата од точка 1 став 1 од ова решение, спецификувана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај и опис на прекршување), во Извештајот од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, бр.10-536/2 од 21.01.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, бр.10-536/2 од 21.01.2015 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештај од контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, бр.10-536/2 од 21.01.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.